РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1197/3
17-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на продолжението од својата 6-та седница одржано на 12.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1197/1 од 21.03.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-1197 од 2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1197/1 од 21.03.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за искористување и злоупотреба на службената положба и овластувања на службени лица од /// во врска со приватизација на градежно земјиште во ///, кое било во поранешна сопственост на членови од потесното семејство на подносителот. Наведено е дека предметното земјиште било запишано во сопственост на РСМ иако истото било во сопственост на /// на подносителот, како и дека на истото имало изградено куќа. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази.
По увидот во содржината на пријавата, ДКСК утврди дека во конкретниот случај се работи за имотно-правен спор, за чиешто решавање надлежни се основните

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

судови во РСМ, конкретно ///. Следствено, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за надлежно постапување, заради што пријавата ја отфрли. Подносителот се упатува да бара заштита на правата со покренување на имотно-правен спор пред ///.

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Одобрил: Б. Ц., член

Доставено до:
- Подносителот